Јасмина Наумоска[1]
UDK 101.1(091)
Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје

# МЕСТОТО НА ИСТОРИЈАТА НА ФИЛОЗОФИЈАТА ВО АНАЛИТИЧКО-КОНТИНЕНТАЛНАТА РАСПРАВА

The analytic-continental turmoil within the history of philosophy has resulted in severe criticism from two sides. The proponents from the analytic side were accused of "anachronism" in finding contemporary meaning in texts which they do not contain, and from the continental side for "historicism" and weak argumentation. Over the last few decades, these evaluations have been critically reconsidered both in the interpretative practices and in the meta-analysis of this phenomenon. The purpose of this paper is to analyse the views of the most important authors of the two traditions that deal with this problem in order to amplify the implications of this dispute. In addition, this article will show that this encounter must take place within the wide interests of philosophical investigation, which, at the same time, does not exclude contextual elements of the existential dimension of human life as well as the transtemporal paradigms of human rationality.
*Key words*: history of philosophy, continental philosophy, analytic philosophy, historicism, anachronism

За разлика од врските што другите истражувачки дисциплини ги развиваат со своите истории, врската на филозофијата и нејзината историја има специфичен карактер, и тој е дотолку специфичен што ставот што се зазема во контекст на ова прашање може да ја одреди природата на начинот на „филозофирањето“. На пример, во науката, историјата можеби е значајна, но не и клучна за занимавањето со самата наука, иако не и во филозофијата на науката, во која после Кун (Kuhn), испитувањето на историјата на науката стана значаен арбитер во однос на прашањето за развојот и напредокот во науката. Филозофирањето низ историјата на филозофијата е значаен методолошки пристап кој мора да се предвиди, имплицитно или експлицитно, пред секое пристапување кон одговарање на некое филозофско прашање. Но, тврдењето дека самиот поим „историја на филозофијата“ е вклучен во поимот „филозофија“, не е самоевидентен став. Тоа го потврдуваат оние кои сметаат дека историјата на филозофијата е ирелевантна за самата филозофија, а дури и понекогаш опасна.

Првиот посериозен осврт на прашањето за односот на филозофијата и нејзината историја, но и првото експлицитно аподиктично тврдење дека проучувањето

1 jasmina.naumoska@fzf.ukim.edu.mk

на историјата на филозофијата е проучување на самата филозофија, е оној на Хегел (Hegel). Историјата на филозофијата е епитомизирана манифестација на концептуалната содржина на филозофијата. Во таа смисла, општиот преглед на процесот на развојот на идеите, кој е единствената задача на филозофијата, може да се прикаже само во својот историски развој. Затоа историјата на филозофијата треба да биде воспоставена како посебна наука. Според тоа, оваа наука, имајќи ја предвид подоцнежната поделба на науките на Дилтај (Dilthey), морала да биде разработувана според методите што се соодветни за Geisteswissenschaften, методи што во подоцнежниот развој на воспоставената дисциплина „историја на филозофијата“ неизбежно биле преиспитани.

Круцијална точка во теориската поделба во однос на проблемот за значењето на историјата на филозофијата за самата филозофија е прашањето за тоа кој е предметот со кој треба да се занимава филозофијата, имено дали филозофските рефлексии треба да бидат воспоставени низ дискурзивната и логичка анализа на филозофските ставови, претставени како искази на вистинитост, или, пак, филозофските испитувања треба првенствено да ги земат предвид историско-контекстуалните координати на самите филозофски тврдења. Така, едните ќе ги споделуваат и ќе ги ползуваат методите и интересирањата на логиката и науката, а другите на уметноста, литерарната критика, лингвистиката, и воопшто оние на општествените науки. Друго прашање, многу тесно поврзано со претходното, е проблемот за прогресот во историјата на филозофијата, кој во зависност од начинот на кој се поставува предметот на филозофијата се одговара потврдно или одречно. Одговорот ќе го имплицира односот кон нашите филозофски претходници, имено дали се тие „духовни лилипутанци“[2] кои храбро се бореле со филозофските стихии за ние денес да ја уживаме погодноста на филозофските успеси, или се рамноправни соговорници на филозофските прашања кои нималку не ја промениле својата суштина уште од времето во кое за прв пат биле поставени. Тука се вбројува проблемот и за тоа дали филозофските прашања се перенијални и важат истовремено како за старите, така и за новите филозофи, но и прашањето за тоа дали историчарите на филозофијата воопшто се занимаваат со филозофија. Според одговорите дадени на овие прашања, современиот филозофски дискурс одредени толкувања ги подредува или во групата

2 Со овој израз во „Потомци на боговите“ Ферид Мухиќ ги означува претсократовците од перспектива на сциентистички настроените историчари на филозофијата, поконкретно алудирајќи на интерпретацијата на Џонатан Бернс (Jonathan Barnes). (Мухиќ 2005: 31)

на т.н. аналитички пристапи кон историјата на филозофијата или во групата на т.н. континентален пристап кон историјата на филозофијата.

Иако веќе нашироко теоретски се расправа за излишноста и за застареноста на поделбата на континентална и аналитичка филозофија не само во рамки на историјата на филозофијата, туку и во останатите дисциплини во филозофијата, сепак, во академските кругови сѐ уште претставува стандарден знак на препознавање на претпоставениот корпус филозофски гледишта на еден поединец или на цела филозофска традиција. Рорти истакна дека еден од најлесните начини да се објасни разликата меѓу овие две традиции може да се увиди доколку укажеме дека аналитичката филозофија се служи со пропозициите, додека континенталната филозофија со личните имиња (Rorty: 1989: 81), имплицитно укажувајќи на ставот што овие традиции го имаат кон својата историја.

Разликите во пристапите кон историјата на филозофијата на двете традиции се вбројуваат во неколку групи. Често се посочува „стилот“ на изложувањето како клучна за пристапите на двете струи, понатаму, се посочуваат разликите во користењето на интерпретативните методи, додека, пак некои автори сметаат дека на овие разлики може да се пристапи само како социолошки феномен, односно дека тие немаат интринсично филозофска или теориска основа, туку општествено-политичка. Во продолжение ќе бидат елаборирани и разгледани нивните специфики во пристапот со цел да се лоцира статусот и карактерот на историјата на филозофијата во корпусот филозофски дисциплини во овие традиции.

## 1. Континенталното филозофирање низ историјата

Една од најзначајните карактеристики на таканаречената „континентална филозофија“ е дека таа „филозофира“ преку историјата на филозофијата, и не само тоа, туку и дека го држи ставот дека филозофијата е есенцијално историска дисциплина. Проучувањето на филозофијата е, и секогаш мора да биде, најдено во нејзината историја. Дури и самиот момент во кој некое гледиште се формулира и се брани е веќе дел од историјата. Во таа смисла, филозофските аргументи не можат да бидат изземени од текстуалните и контекстуалните услови на нивната историска ситуација. Тејлор (Taylor) смета дека филозофијата не може да побегне од својата историја затоа што би требало секогаш одново да го конципира начинот на гледање на светот, таа мора прво да се дистанцира од претходните концепции, а ова дистанцирање бара нивно разбирање (Taylor 1984: 21). Целта на филозофијата е нешто ново, но претходно мора да ја разбере својата историја.

Линијата што ја афирмира т.н. историска теза за филозофијата што е воспоставена од Хегел, теориски, а потоа и практично (преку пишување на конкретни осврти на историјата на филозофијата), се смета дека е основниот пристап на континенталната филозофија во врска со прашањето за односот на филозофијата и нејзината историја. Тоа го афирмира и ставот на одредени автори што се сметаат за карактеристични претставници на континенталната струја. Во „Идентитет и разлика“ Хајдегер (Heidegger) укажува дека „како и што било да се обидеме да мислиме, ние го мислиме во рамки на сферата на традицијата“ (Heidegger 1969: 41) притоа укажувајќи дека не може да се филозофира без постојано да се консултира историјата на филозофијата. Дерида (Derrida), пак, тврди дека „нема поента да се разнишува метафизиката без концептите на метафизиката. Не поседуваме јазик - ни синтакса или лексикон - што е туѓ на оваа историја...“ (Derrida 2005: 354). Имајќи го предвид историско условениот карактер на „разбирањето“ и херменевтичкиот принцип за нашата историска условеност, Гадамер (Gadamer) ја става филозофијата во една критичка позиција кон својата историја. Неговиот херменевтички императив низ филозофскиот дијалог и историскиот ангажман, го аплицира на толкување на неколку автори, како што се Платон и Аристотел.

Еден од поголемите практични ангажмани во современата анализа и мета-анализа на смислата на историјата на филозофијата во континентален манир, се смета феминистичкото пишување на историјата на филозофијата. Во последните две децении на минатиот век, со интензивната дискусија за прашањето за „каноните“ и пристапите во толкувањето на филозофија во рамки на феминистичката теорија, се иницира формирањето на феминистичката историја на филозофијата која веќе почнува да се изделува како посебен пристап кон историјата на филозофијата. Потребата од феминистичко препрочитување на историјата на филозофијата, според Вит (Witt), се јавила поради две причини, имено поради историска ексклузија на жените од филозофската традиција, и поради негативната карактеризација на жените во делата на „канонските“ филозофи (Witt 2005: 1)[3]. Исто така, од поновите

3 Вит ги систематизира проблемите со кои се занимава феминистичката историја на филозофијата во четири групи: 1) *феминистички критики на канонот како мизогиниски*, односно феминистички читања на филозофскиот канон кој ги оспорува омаловажувачките карактеристики на жените; 2) *феминистички преглед на историјата на филозофијата* кој го дискутира ставот на феминистичката филозофија за митот според кој не постојат жени филозофи или, пак, не некои кои се важни за истакнување; 3) *феминистичко присвојување на канонските филозофи,* односно препрочитување на филозофските текстови кои ги

рефлексии на оваа тема, значајна улога во проблематизирање на етичките прашања во историски контекст има Алесдер Мекинтаер (Alasdair MacIntyre) кој низ историската ретроспектива сака да укаже на проблемот за „несомерливоста“ на етичките поими.

Континенталниот пристап кон историјата на филозофијата не може да се обопшти затоа што се ползува со посебните пристапи на разновидните филозофски гледишта, кои според одредени карактеристики се врзуваат за називот „континенталност“. Тука спаѓаат германскиот идеализам, феноменологијата, егзистенцијализмот, херменевтиката, постмодернизмот, феминизмот, кои се карактеризираат главно со антисциентизам, и кои како најрелевантна инстанца, ја афирмираат валидноста на непосредното искуство во одреден контекст (јазик, култура, историја, род), но и контекстуалните елементи на егзистенцијалната димензија на човековиот живот. Постои голема тенденција на спојување на теоријата и практиката, како на пример инсистирањето на тезата за филозофијата како начин на живот во неколкуте значајни историско-филозофски дела на Пјер Адо (Pierre Hadot).

Континенталниот пристап често ги користи т.н. квалитативни методи, а затоа што станува збор за обработка на текст, особено блиски ѝ се методите што ги користи библиската егзегеза и литерарната теорија, како што се историско-критичкиот метод, методот на текстуално-жанровска анализа, рецепционистичкиот метод, историско-филозофскиот компаративен метод, анализа на случај, содржинска анализа, разговорна анализа, деконструкција, драматуршка анализа, феминистичка анализа, херменевтика, животна историја, анализа на метафори, анализа на мит, наративна анализа, постструктурална анализа, семиотика, анализа на раскажување, симболичка размена, итн. Ја афирмираат формата на изворните текстови (литератураните жанрови-дијалог, поема, исповед), ставаат акцент на улогата на читателот, често се користи методот на „демаргинализација“, имено се истакнуваат одредени сегменти во текстот кои го немаат фокусното место, односно се ставени на „маргините“ на експозицијата, особено кај постмодернизмот и феминизмот, се користи психоанализата во реконструкцијата на целината, животната историја на авторот, итн.

---

потврдуваат современите феминистички трендови и покажуваат дека тие се вкоренети во филозофската традиција; и 4) *феминистички методолошки рефлексии на историјата на филозофија*, во која според неа, се дискутираат методолошки прашања поттикнати од феминистичките истражувања на историјата на филозофијата.

Розен (Rosen) изложува четири главни точки на филозофската употреба на историјата на филозофијата во континенталната филозофија: филозофско испитување на аргументите како што биле изложени во некој сегашен или минат контекст низ перспектива на нивните претпоставки и преспективи; понатаму, историско промислување на овие аргументи како единствено релевантно; имањето предвид на факторот на убедливост, а не на демонстрација на историската интерпретација; но исто така, дека целта на историската интерпетација е филозофските искази да ги претстави во нивниот интелектуален и социјален контекст. Како најзначајни претставници на континенталната филозофија низ чии дела најевидентно се прикажува историцистичкиот пристап кон филозофијата Розен ги посочува Хегел, Маркс, Ниче и Хајдегер (Leiter & Rosen 2007: 149).

Сепак, „филозофирањето низ историјата“ повторно се афирмира во деведесетите години на минатиот век, откако таа филозофска максима е заборавена неколку децении station наназад, сè до издавањето на делата и на приредените зборници на Харе (Hare), Дауенхауер (Dauenhauer), Грасија (Grasia) и др. кои и во голема мера биле поттикнати од преводот на некои „континентални“ осврти кон историјата на филозофијата на англиски јазик.

## 2. Аналитичката аисторичност

Аналитичката филозофија во целина се карактеризира со нејзината аисторичност. Како што наведува Глок (Glock), ако аналитичката филозофија не се согледа низ нејзините просторни координати (географијата и јазикот), тогаш може да се согледа низ нејзиниот однос на времето (Glock 2008: 89), имено нејзиното одбивање да мисли во и низ времето. Иако аналитичката интерпретација на филозофијата, исто како и континенталната, не е монолитен дискурс, сепак аналитичко инспирираните пристапи кон историјата на филозофијата главно ги следат некои од генерално прифатените гледишта кои се однесуваат на метафизичката атомистичка перпектива на аналитичката филозофија. Филозофскиот идеал на Расел (Russell) за „подели, па владеј“ во препорачувањето на научниот метод во филозофијата (Russell 1974: 113), Брумбаух (Brumbaugh 1993, 239) го увидува и во историско-филозофските рефлексии. Методологијата на аналитичкиот пристап се состои во тоа што делови од филозофските текстови се екстрахираат како посебни целини и се анализираат како логички аргументи, имено се анализира дали постои валиден аргумент или заклучок и дали овие заклучоци се вистинити или невистинити според логичките закони. Меѓутоа, „ретроспективистичкиот пресврт“ во рамки на аналитичката филозофија,

за кој зборува фон Рихт (von Wright 1993: 48), се разгорува во втората половина на XX век.

Пристапот на аналитичките филозофи кон историјата на филозофијата е како кон решавање на загатка. Имено, со соодветна примена на придобивките на логиката и анализата на јазикот, тие сметаат дека многу подобро може да се разберат и разрешат некои концепти од минатото на филозофијата. Властос (Vlastos) екплицитно тврди дека ние сме сега многу повеќе опремени за да можеме да ги разрешиме голем дел од, како на пример, проблемите во Платоновата филозофија отколку што самиот Платон можел да ги разреши (Vlastos 1971: vii), а тоа се должи на „увозот" на техниките на логичките и семантичките анализи кои се покажале како продуктивни во современата филозофија.

Во таа смисла, нивната задача се состои во тежнеење кон поголемо разјаснување на филозофските учења, процес кој често не е кадарен да ја увиди сета филозофска важност на оригиналот. Иако многумина аналитички историчари на филозофијата се исклучително елоквентни и го владеат јазикот на кој е пишувана оригиналната филозофија, сепак постојат и примери кадешто прибегнуваат кон секундарни извори што се многу подостапни. Затоа често може да се случи да се пишува за еден филозоф од минатото без да се знае ништо за него[4]. Најчесто кога се дискутира за еден филозофски проблем, аналитичките филозофи не обрнуваат внимание дали таа може да се најде во некое дело од класичните автори. За нив поважна е идејата отколку историско-филозофската координата. Тие ја третираат идејата аисторично, имено ја гледаат нејзината трансвременска димензија. Од оваа врска меѓу историјата на филозофијата и аналитичката филозофија, многумина аналитички историчари на филозофијата сметаат дека историјата на филозофијата може да има многу поголема полза од аналитичката филозофија отколку аналитичката филозофија од историјата на филозофијата.

Во таа смисла, се напушта гледиштето според кое историјата има значење заради самата неа. Историјата на филозофијата е само алатака за вистинското „бавење со филозофијата", па затоа, како што наведува Гарбер (Garber), може да се прави разлика меѓу антикваристичка историја на филозофијата и филозофска историја на филозофијата (Garber 2003: 27).

4 Како што Фодор (Jerry A. Fodor) и покрај неговото свесно непознавање на историјата на филозофијата, сметал дека без да знае ништо за Хјум може да напише книга за него, идеја што подоцна ја остварува во „Hume Variations".

Но иако по својата првична идеја аисторична, сепак многу аналитички филозофи сметаат дека историјата на филозофијата може да има голема полза за самата филозофија. Во таа смисла, историјата на филозофијата може да има голема педагошка улога за идентификување на успешните или неуспешните филозофски обиди, а со тоа да служат како репер на сегашните живи филозофски дискусии. Таа може да биде инспирација; исто така, со нејзиното изучување да се постават прашања што можеби досега не сме ги сретнале и методи што не сме ги употребиле, како и да ги изострат нашите аргументативни и филозофски способности. Па затоа, во рамки на аналитичката филозофија се случува „ретроспективистичкиот пресврт" во пресрет на полезноста на проучувањето на историјата на филозофијата.

Во принцип, аналитичките филозофи покажуваат силен афинитет кон античката филозофија, од разлози што се должат на судот дека и таа, како и аналитичката филозофија, е аисторична; поради тоа што кај неа може во најчиста форма да се извлекуваат филозофските парадигми, или, пак, поради тоа што врз филозофските проблеми од антиката најевидентно и најуспешно можат да се практикуваат денешните техники за одврзување на античките филозофски „гордиеви јазли". Меѓутоа, античката филозофија дури во средината на XX век станала дел од студиите по филозофија, додека специјалистите за античката филозофија дотогаш како свој професионален дом ги сметале институтите за класични студии. Така, античката филозофија била повеќе толкувана во контекстот на историските и литерарните студии, отколку во аргументативно-филозофските.

* * *

Меѓусебното обвинување, секој од положба на својот пристап, може да се забележи на секој чекор во нивното критичко обраќање. Едните се обвинети за слаба аргументација која не резултира со никаков филозофски прогрес, антикваријанизам, егзегетика, имитатизам и миметизам, но и за обскурентизам, додека, пак, другите за „анахронизам", историофобија, но и исклучителна суперфицијалност. „Континенталците" се обвинети поради тоа што историјата на филозофијата ја третираат како правлив музеј во кој артефактите треба да бидат гледани со восхит, отколку со критичка дистанца, без било каков контакт со денешната филозофска проблематика, додека, пак аналитичарите за читањето на современи значења во текстови во кои тие не се содржат.

Но одредени случувања во академските кругови сведочат против ваквата дефинирана поделба на историско-филозофските традиции. Еден од најголемите

парадокси е тоа што во голем дел од своите историско-филозофски иследувања континенталните историчари на филозофијата користат аргументативно-аналитички методи, додека, пак, најзначјаните автори во рамки на современата историја на филозофијата во последните неколку децении доаѓаат од англо-американската филозофска традиција. Доказ за ова е *Новата историја на западната филозофија* на Ентони Кени (Anthony Kenny) (издадена во четири тома, од 2004 до 2007 година) која после неколку денцении е првото претставување на целокупната историја на западната филозофија напишана од еден автор. Аналитичката филозофија, исто така, во последните децении стана голем „сунѓер" кој опортунистички впива и увезува многу од методи што се употребуваат во другите традиции, вклучувајќи ги оние на континентална филозофија. Сепак, не напуштајќи ги своите, се обидува да проникне и во областите кои првобитно не биле својствени за неа. За тоа, на пример, сведочи и постоењето на списанието *Logical Analysis and History of Philosophy*. Особено значајно е што историчарите на филозофијата со аналитичка заднина нашироко дискутираат за методите, целите и задачите на историјата на филозофијата [како што е, на пример, зборникот текстови приреден од Сорел (Sorell) и Роџерс (Rogers) насловен како *Аналитичката филозофија и историјата на филозофијата*], многу повеќе отколку што нивните „континентални" колеги ја испитуваат својата оправданост за филозофирање низ историјата на филозофијата. Глок тврди дека аналитичката филозофија прифаќа „слаб историцизам" и дека нема разлози да се тврди дека ја избегнува појаката позиција на „инструменталниот историцизам" (Glock 2008: 90) често прифаќајки ја проблем-ориентираната историографија, која од своја страна, потекнува имплицитно од Хегел, а експлицитно до Винделбанд (Windelband). Исто така, многу од класичните филозофи што недвосмислено се сметаат за „континенталци" отворено ја критикуваат историцистичката позиција, како на пример Кант (Kant) во својата „Пролегомена за секоја идна метафизика", Шопенхауер (Schopenhauer), но и Ниче (Nietzsche), кој смета дека минатото треба да се избегнува затоа што го оневозможува следењето на сегашните, животни моменти. Сè на сè, овие информации отвораат нови перспективи и укажува дека нештата не се толку едноставни и еднострани.

Еден од успешните вкрстувања, и покрај безбројните разидувања при нивното директно соочување [Расел и Коплстон (Copleston), Хајдегер и Карнап (Carnap), Хусерл (Husserl) и Фреге (Frege), Дерида и Серл (Searle)] претставува меѓусебната соработка на Гадамер и Дејвидсон (Davidson), меѓу другото, и на полето на историјата на филозофијата, особено врз интерпретацијата на Платоновата

филозофија. Во меѓувреме, меѓународните конференции, гостувања, здруженија и публикации придонесоа за пофрекфентната меѓусебна комуникација на историчарите на филозофијата, но не само на оние од Северна Америка и Велика Британија и од „континентот"; туку и од Јужна Америка, Азија, разлабувајќи ги, и методолошки и идеолошки, силно стегнатите аналитичко-континентални шаблони. Ваквата тенденција може да се огледа во многу обиди за употреба на методолошките препораки на двата пристапа. Преку проблемот на „сетилните квалитети" (sensible qualities), на пример, Вилсон (Wilson) успешно покажува дека историско-филозофскиот и проблемско-филозофскиот пристап можат да бидат компатибилни во една единствена интерпретација (Wilson 1992). Со тоа одговара потврдно на прашањето за перенијалноста на филозофските прашања во современ контекст.

Истражувањето на историјата на филозофијата во различните традиции може едноставно да се провери, имено да се погледне во студиските програми на универзитетите каде може лесно да се увиди степенот на комуникација на традициите. Во многу од нив, студиските програми следат метод на комбинирање и на проблемскиот и на историскиот пристап на презентирањето на филозофијата[5]. Исто така, воведувањето на мета-проблемскиот курс „Методологија на историјата на филозофијата" во многу универзитети често дефинирани според некоја од традициите, укажува на потребата од критичко промислување на улогата на историјата на филозофијата за секој што на било каков начин сака да се занимава со филозофија.

Меѓутоа, клучно за одговарање на нашето поставено прашање за местото на историјата на филозофијата во аналитичко-континенталната расправа е отворањето на едно посупстанцијално прашање: која е целта и задачата на самата филозофија? Грасија мапира четири одговори на ова прашање. Како прво, една од целите на филозофијата е да открие или достигне вистина; второ, критички да ги вреднува и да ги отфрла неадекватните гледишта за да се отвори патот до вистината; трето,

5 На пример, на Институтот за филозофија на Филозофскиот факултет во Скопје, историјата на филозофијата се изучува во седум семестри, и е воведен предметот Толкувања на историјата на филозофијата (претходно и како Пристапи кон историјата на филозофијата), но истовремено се воведени предмети како Некласични логики, Филозофија на јазикот, Филозофија на духот, Филозофија на науката, но и Историја на логиката.

На англо-американските универзитети, делумно и поради начинот на концепирање на предметните програми, нема систематско проучување на сета историја на филозофијата, но се застапени осврти на поодделни периоди или историско-филозофско разработување на филозофијата на еден одреден автор.

филозофијата да се смета за терапевтска дејност за разјаснување на поимите; и четврто, да се прошири свеста за сложеноста на филозофските проблеми (Grasija 2002: 300-301). Разработката на вакво сложено прашање не е цел по себе во овој текст, ниту пак, да потврдиме дека овие четири решенија се конечните одговори на ова прашање, туку да укажеме дека дури да се земат предвид сите или било кој одговор од оние што ги артикулира Грасија, или, пак некои други, сепак начините за нивно достигнување не може да изземе ниеден аспект од филозофското испитување на трансвременските, но и истовремено контекстуални елементи на филозофската реалност. Севкупноста на филозофското искуство може да биде достигната низ културните, јазичните, историските и родовите контексти на егзистенцијалните димензии на човековиот живот, но истовремено и низ транстемпоралните парадигми на човековата рационалност. И покрај можниот приговор дека овие два аспекта се нужно диспаратни, што е и првичниот импетус за постоењето на аналитичко-континенталната расправа, сметаме дека филозофскиот „желудник" е исклучително толерантен за плуриперспективноста во пристапот кон филозофското истражување, особено доколку се работи за зголемување на нејзината легитимност, сеопфатност, обмисленост, продлабоченост, елоквентност. Така, возможна е историско-филозофски осврт што истовремено ги осветлува нашите денешни недоумици; филозофија што може да се специфицира, а потоа да тотализира; деталното изолирано читање на аргументите да го воспостави со генералната заднина; перенијалните прашања да ги поставува во нов контекст. А, тоа го потврдува искуството и тенденциите во современото размислување за прашањата што ги поставува мета-испитувањето на историјата на филозофијата, но и самите текстови кои се осврнуваат на минатото на филозофијата.

Поради сето ова, историјата на филозофијата во аналитичко-континенталниот диспут не го наоѓа своето место, туку припаѓа единствено на интринсичната дејност на самата филозофска рефлексија, без разлика каде и да ја сместуваат овие неавтономни и површни поделби на филозофските традиции.

## Користена литература


Мухиќ, Ф. (2005). *Потомци на боговите*. Скопје: Табернакул.

Brumbaugh, R. S. (1993). Four types of Plato's Interpretation. In G. A. Press (Ed.), *Plato's Dialogues: New Studies and Interpretations* (pp. 239-249). Lanham: Rowman & Littlefield Publishers.

Derrida, J. (2005). *Writing and Difference*. Routledge: London and New York.

Garber, D. (2003). Towards an antiquarian history of philosophy. *Rivista di storia della Filosofia, 2,* 27-37.

Glock, H. J. (2008) History and historiography. *What is Analytic Philosophy?*. Cambridge: Cambridge University Press.

Grasija, H. A. (2002). *Filozofija i njena istorija*. Beograd: Filip Višnjić.

Heidegger, M. (1969) *Identity and Difference*. New York: Harper & Row Publishers.

Rorty, R. (1989). *Contingency, irony, and solidarity*. Cambridge: Cambridge University Press.

Rosen, M. (2007). The History of Philosophy as Philosophy. In B. Leiter, M. Rosen. (Ed.), *The Oxford Handbook of Continental Philosophy* (pp. 122-155). Oxford: Oxford University Press.

Russell, B. (1974). *Mysticism and Logic and Other Essays*. London: George Allen & Unwin Ltd.

Taylor, C. (1984). Philosophy and Its History. In R. Rorty, J. B. Schneewind, Q. Skinner (Eds.), *Philosophy in History: Essays on the Historiography of Philosophy* (pp. 17-31). Cambridge: Cambridge University Press.

Vlastos, G. (1971). *Plato: A Collection of Critical Essays II*. New York: Anchor Books Doubleday and Company.

von Wright, G. H. (1993). *The Three of Knowledge and Other Essays*. Leiden: E. J. Brill.

Wilson, M. D. (1992). History of Philosophy in Philosophy Today; and the Case of the Sensible Qualities. *The Philosophical Review, 101, 1,* 191-243.

Witt, C. (2005). Feminist History of Philosophy. In L. Alanen, C. Witt. (Eds.), *Feminist Reflections on the History of Philosophy* (pp. 1-17). Dordrecht: Kluwer Academic Publishers.